A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)

(/default)

МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

### Извадок на дел од дневни настани 10.10.2019

На 10.10.2019 околу 01.45 часот на ул.„101" во Гостивар, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода А.Т.(23) и М.С.(20) од Гостивар, затоа што при преглед кај нив е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.10.2019 во 23.10 часот, полициски службеници од СВР Скопје од ул.„Самоилова" го привеле Е.И.(21) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По комплетно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.Ф.(31) од општина Сарај, Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службена положба и овластување“ и „фалсификување исправа“, против Ш.Ф.(54) од општина Сарај, Скопје и Друштво за трговија и услуги Алб Инвест Хоузе ДОО Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа“ и против Ш.А.(56) од Куманово, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување“. М.Ф., сопственик и управител на правно лице ДТУ Алб Инвест Хоузе ДОО Скопје, во март 2019 година набавил 20.838 килограми јагоди спакувани во 3.532 колети, со непознато потекло и со сомнителен квалитет, за кои не постои никаков документ за нивната набавка. Тој, заедно со Ш.Ф., како полномошник кој го застапува правното лице во трговското работење, на 02.04.2019 година го ангажирале правното лице Даути Транспортшпед АД од Скопје, во име на правното лице, да ја подготви целокупната документација за извоз на набавените јагоди. Ш.Ф. по овластување од М.Ф истиот ден, изготвил лажна изјава дека јагодите ги откупил од наши земјоделци и дека се со потекло од Р.С. Македонија и ја приложил кон Пријавата за добивање на Фитосанитарен сертификат за извоз на пратки кои подлежат на фитосанитарна инспекција и Барањето за издавање на фитосанитарен сертификат за извоз на јагодите во Р.Србија. Ваквата документација пријавените ја приложиле кај Ш.А., вработен во Државен инспекторат за земјоделство - Фитосанитарна инспекција, како фитосанитарен инспектор на ГП Табановце, кој на 02.04.2019 година ги злоупотребил службената положба и овластување на начин што со некомплетна документација, прифаќајќи ја само лажната изјава изготвена и доставена од М.Ф и Ш.Ф, изготвил, потпишал и заверил Фитосанитарен серификат, со кој одобрил извоз на јагоди во Р.Србија со непознато потекло и неутврден кавалитет.

На 09.10.2019 во 13.00 часот на Граничниот премин „Долно Блаце“, на влез во РС. Македонија, полициски службеници го лишиле од слобода М.К.(37) од Р.Турција, бидејќи при извршената гранична контрола било констатирано дека се наоѓа во оперативната евиденција со мерка „апси“, по барање на МВР-СМПС-Интерпол. М.К. бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Чаир за понатамошна постапка.

Во текот на 09.10.2019 на подрачјето на СВР Скопје превземени се мерки и активности и констатирано е дека 18 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 23 возачи, од кои: три возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, 19 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и еден возач – почетник, кој не ги почитувал сообраќајните прописи согласно ЗБСП. Исто така, исклучени од сообраќај се и 18 возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се двајца возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, три возачи поради неправилно престројување, двајца возачи поради неправилно престигнување, еден возач на мотоцикл поради неносење заштитен шлем, еден возач поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и осум возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во текот на изминатиот ден издадени се 90 мандатни платни налози и 67 возила се подигнати со специјално возило „пајак“.

На 09.10.2019 во 14.00 часот во Полициската станица Центар А.К.(36) од Охрид, пријавила дека на Кеј „13-ти Ноември“ била касната од куче скитник во пределот на десната нога.

На 09.10.2019 околу 17.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на местото викано

„Јарзиц", во атар на с.Љуботен, скопско, Р.С.(76) од с.Љуботен, при обид рачно да стартува мотор на трактор „ИМК 539", истиот се придвижил кон него, нанесувајќи му тешки телесни повреди. Р.С. бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош.

На 09.10.2019 во Полициска станица Велес, М.Ј.(39) од Велес пријавила дека на плоштад ,,Којник'' нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник во горниот дел од ногата.

Полициски службеници од СВР Битола на 09.10.2019 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека 10 возачи управувале возило без возачка дозвола, 10 возила биле нерегистрирани, брзината ја надминале 15 возачи, а еден возач зборувал на мобилен телефон додека управувал возило. За сите неправилности издадени се соодветни налози.

Полициски службеници на СВР Тетово, во рамки на локалната сообраќајна акција реализирана на 09.10.2019, од 7 до 16 часот, вкупно откриле и законски санкционирале 66 пречекорувања на дозволената брзина надвор од населено место, односно на автопатот Гостивар – Тетово - Скопје.

На 09.10.2019 во 17.30 часот во Полициска станица Карпош бил лишен од слобода О.Е.(23) од с.Кондово, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори''. На 09.10.2019 околу 12.15 часот во близина на с.Грачани, скопско, полициски службеници при преземање на службени дејствија, кај О.Е. кој управувал мотор „хонда крос" без документи, пронашле 1 кг. марихуана. При приведувањето, О.Е. физички нападнал полициски службеник. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.10.2019 во 15.50 часот во Кичево на ул.„Партизански одреди" полициски службеници од Полициската станица Кичево го привеле С.Х.(23) од Кичево, затоа што при негов и преглед на неговиот мотоцикл „аора 150", без регистарски таблички, била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кавадарци поднесе кривична пријава против А.М.(21) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материии". На 01.01.2019 во 18.30 часот во Кавадарци на ул.„7-ми Април", полициски службеници при преглед на пријавениот пронашле и одзеле пиштол марка „бровинг" и рамка со 13 куршуми.

На 09.10.2019 околу 22.00 часот во СВР Скопје на ул.,,1558'' биле приведени С.Р.(39) и С.Р.(28), и двајцата од Скопје, поради спречување на службено лице во вршење на службено дејствие, при приведување на Ш.С.(60) од Скопје, која се барала по судска наредба. По целосно расчистување и документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 09.10.2019 во 21.40 часот во СВР Скопје, Т.С.(48) од Скопје пријавил дека околу 19.10 часот во двор од куќа на ул.,,Славејко Арсов'', бил физички нападнат од Ѓ.Т., поради нерасчистени имотно-правни односи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.10.2019 во 17.33 часот во СВР Скопје, Г.Ш.(41) од с.Романовце, кумановско, пријавил дека околу 17.00 часот во угостителски објект на бул.„Никола Карев'', каде бил вработен, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.10.2019 во 17.00 часот во СВР Скопје, Н.Д.(20) од Виница, пријавила дека во 15.45 часот на ул.„Архимедова", едно лице со закана ѝ го одзело мобилниот телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.10.2019 во 16.00 часот во Полициската станица Карпош С.Т.(40) од Скопје, пријавила дека на бул.„Партизански одреди" - Мост Обединети Нации била касната од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 09.10.2019 во 23.00 часот, во Полициска станица Ѓорче Петров, Љ.Д.(32) од с.Кондово, скопско, пријавил дека неговата сестра М.Н.(41) од с.Тутин, кичевско, се оддалечила од домот. Според пријавителот, таа најверојатно се наоѓа кај нејзин познаник. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 09.10.2019 во 10:19 час во СВР Скопје е пријавено дека малолетник бил физички нападнат од страна на други малолетници во Сарај. Се работи на расчистување на случајот.

На 09.10.2019 во 20.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Ѓ.Ѓ.(67) од Скопје, пријавил дека на ул.„Карл Либнехт" бил каснат од куче скитник во пределот на градниот кош.

На 10.10.2019 во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Црногорска" настанал пожар во патничко моторно возило „пасат", сопственост на И.М.(47) од Скопје. Од пожарот делумно било зафатено и патничко моторно возило „пежо 406". Извршен е увид.

На 09.10.2019 во 09.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 09.15 часот во спортска обложувалница на ул.„Коце Металец", две лица со закана одзеле пари од вработената Т.Р.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кавадарци поднесе кривична пријава против Љ.Б.(35) и И.Б.(61), двајцата од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Во периодот од 2014 до 14.11.2017 првопријавената, како управител на ДПТУ „Хумка" ДООЕЛ Кавадарци и во периодот од 14.11.2017 до крајот на 2018 второпријавениот, како управител на наведеното друштво, спротивно на одлуката на управниот одбор на ЈП „Комуналец" Кавадарци, ДПТУ „Хумка", како оператор на погребални услуги, при наплата за користење на ладилникот во рамките на градската капела, наплаќале повисок износ од законски предвидениот и со тоа се стекнал со противправна имотна корист.

На 09.10.2019 во 14.15 часот во Полициската станица Центар П.К.(28) од Охрид, пријавил дека на Кеј "13-ти Ноември", бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.